# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВАТА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.95 од 07.11.2005 година**

## Член 1

Во Законот за водостопанствата („Службен весник на Република Македонија" број 85/2003) членот 95 се менува и гласи:

"Во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката од членот 94 на овој закон, претседавачот на одборот поднесува пријава за упис на водостопанството во регистарот на други правни лица (во натамошниот текст: регистар) што го води Централниот регистар на Република Македонија.

Со пријавата за упис во регистарот се поднесува:

- статутот на водостопанството и
- одлуката на Владата на Република Македонија за основање на водостопанството. Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за упис да донесе решение со кое ќе одлучи за упис на водостопанството во регистарот.

Заверен препис од решението за упис во регистарот, како и примерок од Одлуката по жалба на решението за упис, Централниот регистар на Република Македонија доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство".

## Член 2

Во членот 96 во ставовите 1 и 2 зборовите: „во "Службен весник на Република Македонија"" се заменуваат со зборовите: „на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија".

## Член 3

Во членот 112 став 3 зборот „регистарски" се брише.

## Член 4

Во членот 113 ставот 1 се менува и гласи:

„За отворањето и спроведувањето на постапката за ликвидација е надлежен судот според седиштето на водостопанството".

## Член 5

Во членот 116 зборовите: „регистарскиот суд" се заменуваат со зборовите: "Централниот регистар на Република Македонија".

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 30 септември 2006 година.